# Независен механизам за известување

## Преглед на акцискиот план: Северна Македонија 2024 – 2026

Open Government Partnership

Independent Reporting Mechanism

# Содржина

Дел I: Преглед 3
Дел II: Ветувачки заложби 5
Дел III. Методологија и НМИ индикатори 20
Анекс 1. Податоци за поединечните заложби 23
Анекс 2: Ко-креирање акциски план 27

# Дел I: Преглед

**Шестиот акциски план на Северна Македонија вклучува ветувачки заложби поврзани со вистинските сопственици, транспарентноста на политичкото финансирање и јавните консултации на локално ниво. Акцискиот план е амбициозен и опфаќа широк спектар политички области за поддршка на процесот на пристапување на Северна Македонија кон ЕУ. За време на спроведувањето, ќе биде клучно јавните институции тесно да соработуваат со граѓанското општество за да се постигнат значителни резултати.**

Заложбите во шестиот акциски план на Северна Македонија се организирани во пет теми: борба против корупцијата, партиципативно донесување одлуки и граѓанско учество, правно зајакнување и пристап до правда, развој и користење на дигитални технологии, како и унапредување на активностите за климатските промени. Тие опфаќаат бројни теми, вклучувајќи: пристап до регистарот на вистински сопственици, дигитализација на финансиските извештаи на политичките партии, учество на граѓаните во процесите на донесување одлуки на локалната самоуправа, пристап до информации на централно ниво, пристап до правда и пристап до информации за животната средина. Паралелно со акцискиот план, Северна Македонија ќе го спроведе и својот трет акциски план на Собранието за ОВП и вториот акциски план за отворено судство.

Акцискиот план продолжува и проширува некои заложби од претходниот план, вклучувајќи ги и: заложбата 1.2 за транспарентност на вистинските сопственици, 3.1 за подобрување на пристапот до бесплатна правна помош и 3.2 за заштита на жртвите на домашно насилство. Северна Македонија ја поднесе заложбата 1.2 како предизвик за отворено владеење.

Акцискиот план воведува и нови заложби, како што се: заложбите 1.1 за транспарентност на седниците и средбите на владата, 2.5 за дигитални алатки за јавни консултации на локално ниво и 4.1 за транспарентност на политичкото финансирање.

Советот за ПОВ, форумот со повеќе засегнати страни на Северна Македонија, спроведе силен процес на ко-креирање, додека новоформираното Министерство за

## НА ПРВ ПОГЛЕД

**Учествува од** 2011 год.
**Акциски план што се прегледува:** 2024–2026
**Број на заложби:** 25

**Преглед на заложбите**
Заложби со јасен фокус на отвореното владеење: 25
Заложби со значителен потенцијал за резултати: 2
Ветувачки заложби: 3

**Области на јавни политики**
Пренесено од претходните акциски планови:
- Вистински сопственици во јавните набавки
- Владини концесии
- Учество во обезбедувањето јавни услуги
- Пристап до правда и бесплатна правна помош
- Спречување насилство над жените
- Свесност за животната средина
- Отворено собрание
- Отворено судство

Што се појавува во овој акциски план:
- Транспарентност на владините седници и средби
- Е-консултација на локално ниво
- Транспарентност во финансирањето на политичките партии

**Усогласеност со минималните услови на ПОВ за ко-креирање**
Постапено согласно процесот на ПОВ: Да

јавна администрација (претходно Министерство за информатичко општество и администрација) ја презеде координаторската улога. Граѓанското општество активно го обликуваше опсегот на заложбите, особено околу вистинските сопственици и финансирањето на политичките партии. Повеќето дискусии за дизајнот на заложбите се одвиваа во помали тематски работни групи кои, исто така, ќе го следат и процесот на спроведување.

Претседателот на Собранието на Северна Македонија донесе одлука за формирање работна група за подготовка и усвојување на Акцискиот план на Собранието за 2024 – 2026 година.[1] Планот продолжува со неколку претходни активности, но содржи нејасни индикатори за клучните достигнувања. Одделно, Советот за отворено судство одлучи да ги продолжи во вториот Акциски план за отворено судство шесте заложби од првиот акциски план (2021 – 2023), од кои ниту една не беше исполнета.

Во овој преглед, НМИ оцени три ветувачки заложби. Заложбата 1.2 се фокусира на објавувањето информации за вистинските сопственици на компаниите кои поднесуваат понуди и добиваат јавни тендери. Таа има потенцијал да ја подобри транспарентноста во државното трошење и да им овозможи на засегнатите страни да укажат на можна корупција во јавните набавки. Заложбата 4.1 би можела да го трансформира начинот на кој политичките партии ги објавуваат своите финансиски извештаи, со што партиите би станале потранспарентни и поотчетни. На локално ниво, заложбата 2.5 би можела да доведе до воведување нови, иновативни методи за учество на граѓаните во донесувањето одлуки на владата.

Неколку заложби во овој акциски план зависат од усвојувањето законодавни измени, додека јавните институции работат со недоволни човечки и финансиски ресурси. Ова претставува предизвик при спроведувањето на акцискиот план. Покрај тоа, засегнатите страни укажаа и на итната потреба за обучување на новите координатори и претставници на граѓанското општество, особено оние кои првпат се вклучени во процесот на ПОВ. Министерството за јавна администрација презема чекори за решавање на овие прашања во текот на спроведувањето, координирајќи средби со работните групи, седници на Советот за ПОВ, средби со координаторите на подгрупите и индивидуални средби со новите координатори.[2]

---

[1] „Национален акциски план за Партнерство за отворена власт за 2024–2026 година", Министерство за информатичко општество и администрација, февруари 2004 година, https://www.opengovpartnership.org/documents/north-macedonia-action-plan-2024-2026-june.

[2] Работни средби беа одржани со работната група со сите засегнати страни за спроведувањето на Националниот акциски план за Партнерство за отворена власт за 2024 – 2026 година, Министерство за информатичко општество и администрација, https://ovp.gov.mk/%d0%be%d0%b4%d1%80%d0%b6%d0%b0%d0%bd%d0%b8-%d1%80%d0%b0%d0%b1%d0%be%d1%82%d0%bd%d0%b8-%d1%81%d1%80%d0%b5%d0%b4%d0%b1%d0%b8-%d1%81%d0%be-%d1%80%d0%b0%d0%b1%d0%be%d1%82%d0%bd%d0%b0%d1%82%d0%b0-%d0%b3-2/

# Дел II: Ветувачки заложби

Следниот преглед ги разгледува трите заложби за кои НМИ оцени дека имаат најголем потенцијал за постигнување ветувачки резултати. Ветувачките заложби се однесуваат на политичка област која е важна за засегнатите страни или за националниот контекст. Тие мора да бидат проверливи, да имаат релевантен фокус на отворено владеење и да покажуваат умерен или значителен потенцијал за резултати. Овој преглед дава и анализа на предизвиците, можностите и препораките за да придонесе во процесот на учење и спроведување на овој акциски план.

**Табела 1. Ветувачки заложби**

| Ветувачки заложби |
|---|
| **Заложба 1.2:** Јавно објавување на вистинските сопственици на компаниите |
| **Заложба 2.5:** Методологија и алатки за партиципативно вклучување на граѓаните на локално ниво |
| **Заложба 4.1:** Дигитализација на процесите за финансиско известување на политичките партии |

**Заложба 1.2: Јавно објавување на вистинските сопственици на компаниите**
Заменик-претседател на Владата задолжен за политики на добро владеење, Министерство за финансии, Министерство за економија, Биро за јавни набавки, Централен регистар, Центар за граѓански комуникации

За целосен опис, видете ја заложбата 1.2 во Акцискиот план на Северна Македонија.

**Контекст и цели**
Во претходниот акциски план, Бирото за јавни набавки (БЈН) се обврза да ги објавува податоците за вистинските сопственици на компаниите кои добиваат државни тендери преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН).[1] Работната група постигна согласност за објавување на информациите за вистинските сопственици поврзани со договорите за јавни набавки и за пренос на овие податоци преку национална платформа за интероперабилност.[2] Меѓутоа, за ова би биле потребни измени на Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам и на Законот за јавни набавки.[3]

Новата заложба го проширува опсегот на податоците за вистинските сопственици за да ги опфати и компаниите кои учествуваат во државни тендери, договори за концесии и јавно-приватни партнерства (ЈПП), покрај компаниите коишто склучиле договори за јавни набавки. Таа вклучува предуслови за откривање и спроведување мерки за заштита на личните податоци при објавување на имињата на вистинските сопственици, кои беа пречки во претходниот план. Нејзиниот опсег означува проширување на претходната заложба во врска со вистинските сопственици.

Заложбата ги поддржува хармонизацијата и спроведувањето на меѓународните стандарди и стандардите на ЕУ за борба против корупцијата, перењето пари и финансирањето тероризам, кои сè уште не се целосно функционални во Северна Македонија.[4] Таа е во согласност со реформите на јавните набавки во земјата, идентификувани во Националната стратегија за борба против корупцијата и конфликтот на интереси за 2021 – 2025 година.[5] Имено, Северна Македонија ја поднесе оваа заложба како предизвик за отворено владеење.[6]

**Потенцијал за резултати:** Значителен

Во моментов, Централниот регистар на Република Северна Македонија (ЦРРСМ) располага со податоци за вистинските сопственици. Меѓутоа, податоците се достапни само на барање, со надомест, и не се машински читливи, што ги ограничува можностите за обработка на податоци.[7] Властите ретко го користат регистарот за добивање податоци поврзани со истраги на перење пари, тероризам или антикорупциски истраги.[8]

Европската комисија истакна дека Северна Македонија треба да ја усогласи својата легислатива за спречување перење пари и финансирање тероризам со ЕУ acquis-от.[9] Покрај тоа, Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД) изрази загриженост поради перењето пари во Северна Македонија, поради недоволното спроведување на регистарот на вистински сопственици.[10] Оваа заложба би ги направила сите податоци за вистинските сопственици јавно достапни без надомест и во формат на отворени податоци. Засегнатите страни од граѓанското општество нагласуваат дека податоците во машински читлив формат би претставувале значителен напредок во достапноста и би го намалиле времето потребно за спроведување истражувања.[11] Покрај тоа, пристапот до имињата на вистинските сопственици на компаниите кои добиле договори и/или учествувале во процес на јавни набавки, како и во концесии и ЈПП, ќе им олесни на корисниците да откријат неправилности, злоупотреби и конфликт на интереси.

Оваа заложба може да им овозможи на корисниците полесно да откриваат нелегални финансиски практики, како што е договарањето меѓу понудувачите. Според еден извештај од 2024 година, над 50% од трговските компании биле вклучени во забранетото договарање за координирано однесување при тендери, при што ретко се изрекле санкции.[12] Слично на тоа, договорите за концесии и ЈПП, исто така, се подложни на корупција и политичко влијание поради недостиг на транспарентност.[13] На пример, постои загриженост околу критериумите за избор на субјекти, што влијае на ефективноста на контролните механизми и на надзорот.[14] Се очекува новиот закон за концесии и ЈПП да ги реши овие прашања.[15] Покрај тоа, отворањето на податоците за вистинските сопственици носи еколошки последици, особено во врска со доделените концесии за експлоатација на минерални ресурси и за изградба на мали хидроцентрали.[16]

**Можности, предизвици и препораки за време на спроведувањето**

Со оглед на тоа што претходната заложба не беше спроведена поради правни несогласувања, од клучно значење е да се разгледа како да се избегнат дополнителни одложувања доколку предлозите за измена и дополнување на Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам и Законот за јавни набавки се одолжат подолго од очекуваното.[17] Некои мерки би можеле да вклучуваат доброволно објавување податоци од страна на компаниите како дел од нивната корпоративна одговорност, за да се поттикне усогласеност со стандардите за транспарентност на вистинските сопственици.

Институциите, коишто ќе ја спроведуваат заложбата, ќе треба да земат предвид кои информации ќе бидат јавно достапни и кои механизми за заштита на вистинските сопственици ќе се воспостават, истовремено почитувајќи ги меѓународните стандарди за транспарентност. Едно можно решение би било обезбедување различни нивоа на пристап со различен обем на информации, при што треба да се обезбеди што е можно понизок праг за објавување на податоците за вистинските сопственици.[18] За време на спроведувањето, НМИ ги препорачува следниве чекори:

- Воведување механизми за пријавување неточни податоци во регистарот на вистински сопственици. Граѓанското општество може да помогне во

идентификувањето несогласувања и подобрувањето на веродостојноста на податоците.

- Да се направи регистарот на вистински сопственици интероперабилен со други регистри и бази на податоци, како што се регистарот на имот и регистарот на избрани и именувани лица.[19]
- Објавување на податоците за вистинските сопственици во отворен и повторно употреблив формат, како што е стандардот за податоци за вистинска сопственост на Отворената сопственост (Open Ownership's Beneficial Ownership Data Standard).[20]
- Обезбедување обуки за јавните функционери, граѓанското општество, новинарите и истражувачите за користење на податоците за вистинските сопственици заради спречување и откривање корупција, измами и недозволени активности.

**Заложба 2.5 Методологија и алатки за партиципативно вклучување на граѓаните на локално ниво**
Министерство за локална самоуправа, Рурална коалиција, ЗЕЛС, Метаморфозис

За целосен опис, видете ја заложбата 2.5 во Акцискиот план на Северна Македонија.

**Контекст и цели**
Оваа заложба има за цел да воведе унифициран систем на јавни консултации на локално ниво и да ги подобри е-консултациите во сите општини. Целта е да се воспостават стандардизирани механизми на локално ниво кои ќе бидат усогласени со централниот Единствен национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР). Заложбата ќе ги информира граѓаните за распоредот и темите на седниците на советите на локалната самоуправа.[21] Нејзиното спроведување се очекува да се реализира преку соработка меѓу Здружението на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС), Министерството за локална самоуправа (МЛС) и граѓанската организација Метаморфозис. Заложбата ќе подготви и објави листа на документи за задолжителни консултации во партнерство со Меѓународниот републикански институт (ИРИ) и ќе ја специфицира постапката за јавни консултации, следена со чекори поврзани со ЕНЕР.[22] Слична заложба беше вклучена во претходниот акциски план, но не беше завршена за време на спроведувањето.[23]

**Потенцијал за резултати:** Умерен
Во моментов, учеството на граѓаните во локалната власт во Северна Македонија е ограничено. Според акцискиот план, две третини од примерок од 400 граѓани од сите осум плански региони не се информирани за тоа како да учествуваат во процесите на локални консултации.[24] Постои загриженост околу транспарентноста на општините, вклучувајќи: несоодветни консултативни процеси, недоволно известување однапред и недоволно ширење на информациите, особено во руралните области. Ова влијае на способноста на граѓаните да учествуваат во процесите на донесување одлуки, а влијае и на функционирањето на локалните заедници. Некои општини користат форуми за јавни консултации (воведени во текот на претходните акциски планови за ПОВ), но многу општини не користат, иако овие форуми честопати се ефективни.[25]

Општините се законски обврзани да ги консултираат граѓаните и да ги објават резултатите од консултациите само во два случаи: при подготовка на општинските буџети и на урбанистичките планови.[26] Надвор од ова, општините ги консултираат граѓаните кога сметаат дека тоа е неопходно, според сопственото претпочитано време и опсег.[27] Згора на тоа, истражувањето спроведено од Руралната коалиција откри дека никој од 350-те анкетирани жени и млади луѓе од Североисточниот и Полошкиот регион не учествувал во

буџетски форуми или не бил свесен за достапните партиципативни алатки и механизми.[28] Само околу 12% присуствувале на јавни седници на општинските совети, а 36% знаеле како да учествуваат во локалното донесување одлуки.[29]

Владата веќе го усвои ЕНЕР порталот за консултации за сите нацрт-закони и документи во рок од 30 дена пред да се стават на дневен ред на Владата. Оваа заложба би ја пресликала таквата практика и на локално ниво.[30] Доколку се стандардизираат процесите на консултации и се воведат дигитални алатки, граѓаните ќе можат полесно да учествуваат во донесувањето одлуки на локално ниво. Идентификувањето прашања за задолжителни консултации и развивањето методологија, во соработка со граѓанското општество и локалната самоуправа, можат да ги решат горенаведените идентификувани проблеми. Планот е да се вклучи календар за најава на тековните активности, како и воспоставување јасна процедура: најава на дадено прашање, започнување консултативен процес, а потоа објавување на нацрт-документот со 20-дневен рок за јавни коментари. Календарот ќе појасни што се случува и кога се случува.[31]

Со обезбедување алатки за учество и подобрување на транспарентноста, граѓаните ќе имаат подобар пристап до информации и поголеми можности да влијаат на одлуките на локално ниво. Ова е од клучно значење во руралните подрачја каде што традиционалните канали за комуникација се ограничени. Транспарентноста и отчетноста на локално ниво директно влијаат на корупцијата.[32] Оваа заложба би можела да ја зајакне борбата против корупцијата на локално ниво. Исто така, заложбата би можела да ги намали нееднаквостите во дигиталните капацитети меѓу општините, засилувајќи ја дигитализацијата за создавање ефикасни решенија за е-консултации[33] преку централизација на процесот на веб-страницата на ЕНЕР.

**Можности, предизвици и препораки за време на спроведувањето**

За успешно спроведување на оваа заложба, клучно е да се воспостават алатки и механизми за јавни консултации и за е-консултации кои ќе бидат применливи за сите општини.[34] Според Метаморфозис, општините честопати немаат ресурси за спроведување на вакви механизми, па се стремат да развијат решенија со минимални финансиски средства така што ги вклучуваат сите засегнати страни — ЗЕЛС, МЛС и ГОи — за да изнајдат одржлив модел.[35] Во текот на периодот на спроведување се планираат измени на Законот за локална самоуправа. Ова дава можност владата да ги вклучи во законот практиките воведени со оваа заложба и да создаде правно обврзувачка обврска за општините да следат процес на консултација.[36]

Главните предизвици, кои би можеле да се појават за време на спроведувањето, се способноста на МЛС да ги ангажира сите општини да учествуваат во иницијативата и да ги спроведат методологијата и алатките. МЛС не може да ги принуди општините да учествуваат во оваа заложба.[37] Покрај тоа, финансиските ограничувања се честа појава кај општините.[38] МЛС посочи дека е малку веројатно заложбата да се спроведе без поддршка од донатори.[39] Во минатото се користеше финансирање од УНДП за слична заложба. Овој извор на финансирање се разгледува и за сегашната заложба, бидејќи финансиските пречки веќе влијаеја на подготовката на прашањата како дел од задолжителните консултации.[40]

За време на спроведувањето, НМИ ги препорачува следниве чекори:

- Мерење на зголемувањето на бројот на консултации во општините како резултат на оваа заложба и следење дали учествуваат повеќе граѓани, особено млади и жени. Зголемување на отвореноста кај општините од сегашното ниво на над 50%

би значело подобрување. Друга цел би можела да биде повторување на иницијативата за да ги опфати сите 80 општини и Градот Скопје.
- Со оглед на тоа што многу општини немаат соодветни веб-страници и платформи за објавување на консултации и е-консултации, особено во руралните подрачја, целта сите општини да имаат такви капацитети би била показател за успешно спроведување.
- За да се ублажат ризиците од финансиски ограничувања, водечките органи и организациите на граѓанското општество би можеле да ги обучуваат и поддржуваат вработените кои ќе ги спроведуваат методологијата и дигиталните алатки, така што општините ќе имаат соодветен капацитет за спроведување на промените. Може да се разгледа и донаторско финансирање за поддршка на општините, покрај обезбедувањето време за вработените од водечките органи и организациите на граѓанското општество.

## Заложба 4.1 Дигитализација на процесите за финансиско известување на политичките партии

Министерство за финансии, Државна комисија за спречување на корупцијата, Министерство за правда, Државен завод за ревизија, Управа за јавни приходи, Државна изборна комисија, Централен регистар, Совет на општини, Град Скопје, Здружение за истражување и анализа, Институт за демократија Социетас Цивилис, Меѓународен републикански институт, Метаморфозис, Центар за граѓански комуникации.

За целосен опис, видете ја заложбата 4.1 во Акцискиот план на Северна Македонија.

### Контекст и цели

Оваа заложба има цел да ги реши неефикасностите во тековниот систем за финансиско известување на политичките партии. Финансирањето на политичките партии не беше опфатено во претходните акциски планови. Министерството за финансии (МФ) е одговорно за усвојување на соодветните подзаконски акти и за координација на активностите за спроведување.[41] Заложбата ќе ги утврди релевантните подзаконски акти за финансирање на политичките партии усвоени од Министерството за финансии за правната основа за дигитализација на процедурата за електронско известување, по што ќе следува усвојување на нови подзаконски акти и подготовка и електронско поднесување на извештаите. Политичките партии, медиумите и организациите на граѓанското општество ќе бидат обучени за користење на податоците за финансирањето на партиите. За реализација на заложбата, формирана е работна група составена од сите институции за спроведување заедно со организациите на граѓанското општество.[42]

Политичките партии користат обрасци утврдени со подзаконски акти, кои ги поднесуваат во хартиена форма до институциите како што се Државниот завод за ревизија (ДЗР), Државната изборна комисија (ДИК) и Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК).[43] Овој процес вклучува рачно поднесување извештаи во хартиена форма, кои не се машински читливи, што доведува до долготрајно рачно внесување податоци и одложени анализи.[44] Подзаконските акти според Изборниот законик и Законот за финансирање на политичките партии (ЗФПП) вклучуваат правила за финансиските извештаи за изборните кампањи, донациите и трошоците за рекламирање, како што се: Правилникот за извештајот за доделените локации за рекламните паноа и билборди,[45] формата и содржината на регистрите за донации (30/2009),[46] и други услови за финансиско известување.[47] Политичките партии добиваат финансирање од државата, но исто така, се потпираат на приватни донации за нивното функционирање и изборни

активности, што го прави објавувањето клучно за следење како се трошат јавните пари и за идентификување на донаторите на партиите. Меѓутоа, системот за известување е збунувачки бидејќи партиите мораат повеќепати да поднесуваат извештаи до различни институции за време на изборите.[48] Покрај тоа, сите партии не ги објавуваат своите финансиски информации на своите веб-страници, а образецот за известување на МФ моментално нема посебна дел посветен на овие средства.[49] Оваа заложба би ги централизирала поднесувањето и објавувањето на извештаите во една база на податоци на веб-страницата на ДКСК.

**Потенцијал за резултати:** Значителен
Дигиталното поднесување би можело да го подобри известувањето така што ќе го направи навремено, целосно и достапно преку намалување на рачната обработка.[50] Во моментов, некои институции, како што е Бирото за јавни набавки, дозволуваат електронско поднесување финансиски извештаи.[51] Сепак, според МФ, постои простор за подобрување на целокупната финансиска транспарентност на партиите.[52] Дигитално решение за финансиското известување би ја подобрило транспарентноста во финансирањето на политичките партии доколку извештаите се јавно достапни во машински читлив формат. Финансиските извештаи на партиите се достапни само во форма на скенирани ПДФ-документи, формат кој значително ја ограничува можноста за значајна анализа и надзор.[53] Со правење на финансиските информации достапни во машински обработлив формат, заложбата би овозможила граѓаните поефикасно да го следат финансирањето на политичките партии. Овие промени, доколку станат правно обврзувачки, би можеле да им помогнат на корисниците навреме да откријат неправилности и потенцијална корупција, зајакнувајќи го интегритетот на политичкиот систем. Освен тоа, пристапот до податоците би можел да ги овласти граѓаните и организациите на граѓанското општество да ги повикуваат партиите на политичка одговорност и евентуално да ја подобрат довербата во политичките процеси. Ова, во комбинација со спроведувањето на санкциите утврдени во ЗФПП, би можело да го зајакне надзорот над финансирањето на политичките партии.

Тековната состојба е дека ниту еден финансиски извештај на политичките партии не се поднесува електронски во машински читлив формат, додека целта е да се постигне 100% електронско поднесување до крајот на акцискиот план. Тоа, исто така, би можело да ги намали времето потребно за поднесување на извештаите, времето кое го трошат надзорните институции за нивна анализа, брзината на идентификување грешки и области за подобрување, како и бројот на политички партии, медиуми и организации на граѓанското општество обучени за користење и анализа на податоците од извештаите.

**Можности, предизвици и препораки за време на спроведувањето**
Оваа заложба би можела да ја подобри транспарентноста на финансирањето на партиите, да ги намали несоодветните влијанија на донаторите врз политичките партии и да го олесни и зајакне надзорот на одговорните институции врз трошењето на партиите. Заложбата се фокусира само на дигитализација на процесот на поднесување финансиски извештаи, за што, најверојатно, нема да бидат потребни правни измени.[54] Наместо тоа, владата би можела да ја разгледа можноста да ги направи електронските поднесоци обврзувачки преку подзаконски акт. Ова би овозможило да се применат санкциите кои веќе се предвидени во ЗФПП во случаи на неподнесување.

За време на спроведувањето на оваа заложба, НМИ ги препорачува следниве чекори:

- Да се направат податоците за политичкото финансирање интероперабилни со различни бази на податоци за подобар антикорупциски надзор. На пример, поврзувањето на платформата за политичко финансирање со системот за е-набавки (ЕСЈН) може да помогне да се идентификува кога договорите за јавни набавки се доделуваат на компании поврзани со политички субјекти.
- Да се направи дигиталната платформа лесно достапна и лесна за употреба и од граѓаните и од партиите. МФ може да консултира корисници како организации на граѓанското општество, истражувачи и новинари за да обезбеди дека податоците се корисни.
- Да се вклучат информации за тоа како МФ ги следи мерките преземени против политичките партии, кандидати или трети лица за кршење на Законот за финансирање на политичките партии и другите прописи за политичко финансирање.
- Да се обезбеди соодветна обука за политичките партии за да ги вклучат промените во поднесувањето извештаи за финансирање. Згора на тоа, би било важно да се разгледа вклучувањето на политичките партии во развивањето на софтверот. Нивното вклучување може да помогне да се усогласат промените со потребите на политичките партии и оние на институциите кои ќе го надгледуваат известувањето.
- Да се вклучат средствата потрошени за политичко рекламирање на социјалните мрежи во образецот за известување.

**Други заложби**
Подолу се образложени другите заложби кои НМИ не ги идентификуваше како ветувачки. Овој преглед дава препораки кои ќе помогнат во процесот на учење и спроведувањето на овие заложби.

Петнаесетте национални заложби во шестиот Акциски план на Северна Македонија се организирани во пет теми: борба против корупцијата (три заложби), партиципативно донесување одлуки и граѓанско учество (шест заложби), пристап до правда (две заложби), дигитални технологии (две заложби) и климатски промени (две заложби). Акцискиот план вклучува и четири заложби за отворено собрание и шест заложби за отворено судство.

**Борба против корупцијата**
Според заложбата 1.1, Генералниот секретаријат на Владата има за цел да ја подобри транспарентноста на седниците и средбите на владата. Секретаријатот ќе развие процедура за објавување календари на средби за владините претставници, вклучувајќи: учесници, теми, стандардизирани известувања за средбите и најави на дневниот ред најмалку седум работни дена пред седницата. Во извештајот на Европската комисија за Северна Македонија за 2024 година беше утврдено дека бројот на точки додадени во последен момент на агендите за владини седници е висок, граѓаните честопати немаат пристап до релевантни документи пред средбите, додека записниците и одлуките не се систематски објавувани онлајн.[55]

Новата процедура за објавување може да ја подобри навременоста на владините седници и на агендите и да ја намали потребата граѓаните да поднесуваат барања за слободен пристап до информации за овие податоци. За време на спроведувањето, НМИ препорачува записниците и дневниот ред да се објавуваат како отворен текст, покрај .pdf формат, за да се подобри употребливоста. Исто така, НМИ препорачува Секретаријатот да

ги направи информациите лесно пребарливи на својата веб-страница. На пример, може да им се овозможи на корисниците да ги пребаруваат записниците и агендите по клучни зборови, нацрт-акти, документи и тема на дискусија. Покрај тоа, НМИ препорачува во оваа заложба да се вклучат и работните групи на владата, доколку тоа веќе не е испланирано. И на крајот, Секретаријатот може да земе предвид да ги измени своите правила и постапки за да бара навремено објавување на овие информации.

Според заложбата 1.3, Министерството за економија (МЕ) има за цел да ги објавува склучените договори за концесии и за јавно-приватни партнерства (ЈПП), како што се договорите за јавни набавки. Според акцискиот план, на Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) се објавуваат само најавите за ЈПП и тендерската документација, но не и известувањата за склучени договори или самите договори. Имајќи предвид дека годишно се троши 1-2% од државниот буџет на ЈПП,[56] објавувањето на овие договори ќе биде важен чекор кон подобрувањето на фискалната транспарентност.

Во Северна Македонија има 344 активни концесии поврзани со минерални добра.[57] МЕ води регистар на концесии за минерални ресурси на својата веб-страница, но не и за склучените договори. Регистарот не е целосно ажуриран со податоци за склучените договори за концесија. На пример, нема дефинитивни податоци за субвенциите за концесии и не се наплаќа камата на сите неплатени субвенции за концесии.[58] Според работната група на ПОВ за оваа заложба, објавен е нацрт-закон за концесии на добра од општ интерес, кој ќе ги обврзува сите министерства, кои издаваат и склучуваат договори за концесии за добра од општ интерес (како што се: минерални ресурси, дивеч, риби, води, хидроцентрали, плажи, итн.), да воспостават регистар од кој ќе се доставуваат податоци до главниот консолидиран регистар воден од МФ.[59]

НМИ оценува дека заложбата 1.3 има умерен потенцијал за резултати. Иако заложбата „подразбира задолжително јавно објавување" на договорите за концесии и за ЈПП, не е јасен механизмот за спроведување на објавувањето на овие договори. Поради формирањето на новото Министерство за енергетика, рударство и минерални ресурси, кое ги презеде надлежностите за концесии и ЈПП, постои потреба да се назначат нови претставници за заложбата.[60] МЕ ќе се фокусира на објавување само на договорите за концесии за експлоатација на минерални ресурси и за геолошки истражувања.

Во текот на периодот на спроведување се очекува нов Закон за концесии и ЈПП.[61] Засегнатите страни ќе треба да разгледаат дали правните пречки поврзани со личните податоци (како што беа идентификувани во врска со вистинските сопственици во договорите за јавни набавки) ќе влијаат и на објавувањето на овие информации, и да применат слични мерки како оние идентификувани за заложбата 1.2. Работната група веќе се согласи на алтернативни чекори за да не запре спроведувањето поради промените во министерските структури.[62] Ова вклучува можност понудувачите во постапките за доделување јавни набавки да можат, во образецот на понудата, доброволно да изберат опција да биде откриено името на вистинскиот сопственик на економскиот оператор, кое потоа ќе биде објавено во известувањето за доделување на договорот. НМИ препорачува МЕ да го усвои стандардот за отворени податоци за договори (СОПД, Open Contracting Data Standard) за ЈПП, кој ги утврдува важните информации кои треба да се објавуваат во согласност со рамката за обелоденување на ЈПП на Светската банка,[63] како и да ги објавува договорите за концесии склучени од други институции, покрај оние за експлоатација на минерали, во следниот акциски план.

**Партиципативно донесување одлуки и граѓанско учество**

Заложбата 2.1 има за цел да го подобри ангажманот на засегнатите страни во Агенцијата за вработување (АВ) при создавањето и спроведувањето на нејзините годишни оперативни планови за вработување. АВ ќе создаде и база на податоци на невладини организации (НВО), академски институции, бизниси и невработени лица кои ќе бидат консултирани, и ќе развие дел за консултации на својата веб-страница. Се продолжува соработката помеѓу АВ и Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (ЕСЕ) од претходниот циклус за вклучување на граѓаните во дизајнирањето и следењето на услугите за вработување.[64] НМИ препорачува да се документира и да се одговори на повратните информации од консултациите за годишните оперативни планови, како и на повратните информации собрани преку веб-страницата на АВ.

Според заложбата 2.2, Министерството за јавна администрација (МЈА) и ЕСЕ ќе им обезбедат на државните службеници е-материјали и обуки за антикорупција, транспарентност и граѓанско учество. Според заложбата, владата треба да донесе одлука за задолжително годишно посетување на обуките и добивање сертификат за нивно успешно завршување за сите државни службеници. Наведената цел е 60% од државните службеници да го добијат сертификатот до јануари 2026 година. Иако заложбата поставува амбициозни цели, МЈА и ЕСЕ ќе треба внимателно да ги утврдат долгорочните придобивки и континуираниот напредок по спроведувањето. НМИ препорачува да се мери влијанието на обуките, на пример, со проценување на промените во ставовите и разбирањето на државните службеници за антикорупцијата, транспарентноста и граѓанското учество, на долг рок.

Заложбата 2.3 има за цел да ги стандардизира обрасците за планови за консултации и записниците од консултации. Исто така, таа ќе го промовира користењето на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) за собирање коментари од јавноста за предлозите за јавните политики. Министерствата се обврзани да ги објавуваат нацрт-законите на ЕНЕР за консултации со јавноста, но не и подзаконските акти, додека не е задолжително да се објавуваат нацрт-закони поднесени од пратениците.[65] ЕНЕР честопати не се користи ефикасно бидејќи администрацијата или не дава повратни информации на коментарите од јавноста или ги отфрла предлозите без образложение.[66] Освен тоа, министерствата честопати не објавуваат целосен запис на сите отфрлени предлози и не ги објавуваат своите планови за консултации, што го отежнува следењето на политиките.[67] Законот за слободен пристап до јавни информации од јавен карактер од 2019 година наложува транспарентност во процесот на креирање политики, но во практиката сè уште постојат празнини, како на пример, кога институции не даваат одговори за тоа зошто не се прифатени предлози.[68] Заложбата има умерен потенцијал да ги подобри јавните консултации во креирањето политики. За време на спроведувањето, Министерството за јавна администрација може да ги разгледа примерите од други членки на ПОВ за тоа како ЕНЕР да се направи во центар за јавни консултации во создавањето политики. На пример, Естонија развива платформа за унапредување на ко-креирање на законодавството и регулативите, каде што јавноста може да пристапи до историјата на уредувања, записниците од состаноци и одговорите на владата на повратните информации поврзани со политиките.[69] Во Нов Зеланд, владата бара задолжително користење на алатката за ангажман на заедниците во политиките за да се зголеми јавното учество во креирањето на политиките, особено за оние кои се најзасегнати од одредено прашање.[70]

Според заложбата 2.4, Министерството за труд и социјална политика (МТСП) има за цел да го подобри годишното известување за родовата еднаквост кај министерствата и

општините, кое се бара со Законот за еднакви можности[71], но ретко се објавува. Извештаите треба да содржат податоци за степенот на вклученост на жените во економскиот, политичкиот и општествениот живот, како и за мерките и активностите кои државните административни органи и општините ги презеле за промовирање еднакви можности за мажите и жените. Со проценување на предизвиците за објавување во пилот-општините, МТСП се обидува да дефинира минимални критериуми и индикатори за процена на квалитетот на извештаите. Покрај годишните извештаи, НМИ препорачува да се објавуваат одделни податоци за родовите на порталот за отворени податоци на Северна Македонија (со заштита на личните податоци). Овие податоци би можеле да опфатат: криминал и правда, економија, образование, здравство и вработување.

Според заложбата 2.6, Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) има за цел да подготви план за решавање на еколошките промени кои влијаат на здравјето на граѓаните, во соработка со граѓанското општество. Ќе биде важно МЖСПП да осигури дека овој план ќе се одржува со текот на времето.

**Пристап до правда**
Според заложбата 3.1, Министерството за правда (МП) има за цел да го надгради софтверот за управување со случаи на бесплатна правна помош (БПП), да го подобри системот за собирање и размена на податоци и да го измени и дополни Законот за бесплатна правна помош (ЗБПП). Оваа заложба не беше исполнета во претходниот акциски план бидејќи измените на ЗБПП не беа донесени.[72] На 17 септември 2024 година, Собранието на Република Северна Македонија ги усвои измените за усогласување со Законот за вештачење од 2023 година.[73] Измените и дополнувањата ги дефинираат субјектите кои се овластени да вршат вештачење во случаи за кои е одобрена БПП, како и начинот на нивно избирање и назначување. Покрај тоа, измените и дополнувањата ги регулираат постапките за давање наоди и мислења при вештачење, сведочење пред судот во контекст на БПП и исплата на награда и трошоци на вештакот. Сега кога измените се донесени, МП може да обезбеди дека вработените се целосно обучени за користење на надградениот софтвер за управување со случаи на БПП. НМИ повторно ја истакнува препораката од Прегледот на акцискиот план за 2021 – 2023 за МП да соработува со субјекти кои обезбедуваат пристап до вештаци за често бараните области за случаи на БПП во спроведувањето на оваа заложба.

Според заложбата 3.2, Министерството за внатрешни работи (МВР) продолжува со напорите за превенција на домашното насилство и насилството врз жените. Претходниот акциски план вклучуваше заложба за подобрување на собирањето и објавувањето податоци за случаите на домашно насилство. МВР почна да објавува податоци за случаи на домашно насилство во 2022 година, и продолжи во 2023 година, но судовите требаше да ги подобрат своите системи за податоци за постапките поврзани со овие случаи.[74] Собирањето и објавувањето податоци треба да се прошират за да опфатат и други форми на насилство врз жените кои беа криминализирани со измените на Кривичниот законик во 2023 година (Службен весник бр. 36 од 2023 година). Новата заложба има за цел да разработи план за превенција на домашното насилство, да ја подигне свеста преку образовни материјали и јавни форуми, да ги распредели ресурсите меѓу клучните институции и да спроведе работилници и обуки за практиканти за подобрување на водењето на случаите. НМИ ги повторува препораките од Прегледот на акцискиот план 2021 – 2023 да се проценат перформансите на судскиот сектор во врска со случаите на домашно насилство (како што е стапката на обвиненија и нерешени предмети) и да се

разгледаат алтернативни правни механизми, како што се програми за правни застапници од заедницата или механизми за решавање спорови.[75]

**Развој и употреба на дигитални технологии**

Заложбата 4.2 има за цел да воведе автоматизиран систем за собирање и дигитализација на економските податоци на општинско ниво од АВРСМ на веб-страницата на Управата за јавни приходи (УЈП). Податоците ќе се ревидираат редовно. УЈП ќе објавува податоци за износите на просечната плата, вкупно исплатените плати и платите поделени по општина, пол, дејност и возрасна група. АВРСМ ќе објавува податоци за вкупното вработување во одредена дејност, во одредена општина, во одреден временски период, поделени по општина, пол, дејност и возрасна група. За време на спроведувањето, УЈП и АВРСМ може да разгледаат како автоматизираниот систем ќе ги поддржи истражувачите и општините во користењето на податоците за поттикнување на локалниот раст. Исто така, тие може да ја разгледаат можноста за користење на системот за создавање комплети податоци со висока вредност во согласност со Директивата на ЕУ за отворени податоци и повторна употреба на информациите од јавниот сектор.

**Климатски промени**

Според заложбата 5.1, МЖСПП има за цел да ги подобри пристапот до информации и учеството на јавноста во донесувањето одлуки поврзани со водните ресурси. МЖСПП ќе ги објавува на својата веб-страница документите од Законот за води кои се обврзувачки за јавни консултации, како и сите барања за дозволи за користење водни ресурси за 2024 – 2026 година. Згора на тоа, заложбата ќе го промени член 24 од Законот за животна средина за да овозможи учество на јавноста во подготовката и одобрувањето на извештаите за заштита на животната средина.[76] Оваа заложба може да помогне во усогласувањето на македонското законодавство со препораките на Европската комисија за пристап до информации и учество на јавноста во донесувањето одлуки поврзани со животната средина. Важно е да се земе предвид воведување мерки за ублажување доколку измените не се усвојат во препорачаниот рок. Ова би можело да вклучи доброволно ангажирање на граѓаните преку консултации или јавни форуми и продлабочување на соработката со граѓанското општество и академската заедница за да се зголемат дискусиите и учеството.

Заложбата 5.2 има за цел да ја подобри јавната свесност за климатските активности на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) и на МЖСПП. Министерствата ќе воспостават меѓусекторска група или механизам за објавување на климатските информации на порталите на двете министерства во консултација со земјоделците. МЗШВ ќе креира дел за климатски промени на својата веб-страница и алатка за земјоделците и организациите на граѓанското општество за споделување вести и активности. Оваа заложба има умерен потенцијал за резултати. НМИ препорачува да се утврдат јасни одговорности и да се назначат контакт лица во двете министерства за да се обезбеди спроведувањето.

**Отворено собрание**

Собранието на Република Северна Македонија ќе спроведе четири заложби во третиот Акциски план за отворено собрание на земјата. Овој акциски план за отворено собрание содржи помалку заложби во споредба со акцискиот план за 2021–2023 година (11). Очекуваните резултати за секое клучно достигнување не се дефинирани, за разлика од претходниот акциски план.

Заложбата 1 има за цел да создаде централен дигитален регистар за регулаторните тела основани од Собранието за да се намалат барањата за пристап до информации. Собранието ќе формира работна група за составување список на овие тела, вклучувајќи ги нивните мандати и раководители, и ќе обезбедува ажурирања во реално време за назначувањата и истекувањата на мандатите. Таа ќе биде поддржана од нова софтверска алатка за објавување на овие податоци на веб-страницата на Собранието и на неговиот портал за отворени податоци, доколку е потребно. НМИ препорачува да се утврдат мандатот и членството на работната група.

Заложбата 2 ги продолжува напорите за подобрување на Собранискиот ТВ-канал. Оваа заложба ќе формира совет, заеднички управуван од парламентарното мнозинство и од опозицијата, за развивање законодавни вести, дебати и мултимедијални содржини, подобрувајќи ги јавната комуникација и законодавната транспарентност. Ќе биде важно да се дефинира како ќе се донесуваат одлуките во советот за да се избегнат застои во неговата работа поради политички несогласувања.

Заложбата 3 ги обврзува извршната и судската власт да го известуваат Собранието за спроведувањето на нивните заложби во акцискиот план на ПОВ и да учествуваат во дискусии кои ќе бидат отворени за јавноста. Иако заложбата веројатно е умерена, оваа иницијатива би можела да ги зајакне проверките меѓу гранките на власта во однос на отвореното владеење.

Заложбата 4 ја продолжува иницијативата „Парламентарен караван" (мобилен парламент) од претходниот акциски план. Заложбата има за цел да го доведе парламентарниот караван во сите градови кои имаат канцеларии за контакт на пратениците со граѓаните. Заложбата може да обезбеди поголема видливост на Собранието и да го подобри пристапот на граѓаните до пратеничките канцеларии. НМИ препорачува да се измери влијанието на караванот врз ангажманот на граѓаните во јавниот живот.

**Отворено судство**
Сите шест заложби за отворено судство се пренесени од акцискиот план за 2021 – 2023 година. Овие заложби беа прекинати во текот на претходниот акциски план поради разрешувањето на претседателот на Судскиот совет од неговиот заменик-претседател во април 2023 година.[77] Некои членови на Судскиот совет не го признаваа легитимитетот на тековното раководство на Судскиот совет.[78] Советот за отворено судство, кој е одговорен за спроведување на заложбите за отворено судство, се согласи дека не може да продолжи со своите активности без вклучување на Судскиот совет. Советот за отворено судство се немаше состанато оттогаш, а заложбите беа пренесени во шестиот Акциски план. Амбицијата на овие заложби беше оценета во прегледот на акцискиот план за 2021 – 2023 година од НМИ.[79] Идните заложби за отворено судство би можеле да ја подобрат транспарентноста во назначувањето, унапредувањето и разрешувањето на судиите.

---

[1] Видете „Национален акциски план за Партнерство за отворена власт за 2021 – 2023 година", Министерство за информатичко општество и администрација, февруари 2021 година, https://www.opengovpartnership.org/documents/north-macedonia-action-plan-2021-2023.
[2] Влатко Наумовски (раководител за финансии, Регионална школа за јавна администрација), интервју од истражувач за НМИ, 8 март 2024 година; Извештај за самооценување на владата на Северна Македонија за ПОВ, 2024 година, нацрт-документ споделен со истражувачот за НМИ.
[3]Наумовски, интервју; Извештај за самооценување на владата на Северна Македонија за ПОВ, 2024 година, нацрт-документ споделен со истражувачот за НМИ.

[4] „Анализа: вистински сопственици во антикорупција" [Analysis of the use of beneficial ownership data in the fight against corruption in North Macedonia], Center for Civil Communications, December 2024, https://ccc.org.mk/images/analiza%20vistinski%20sopstvenici%20vo%20antikorupcija.pdf.
[5] „Конечен пречистен текст на НП 2021 – 2025", [National Strategy for the Prevention of Corruption and Conflict of Interest 2021–2025], State Commission for Prevention of Corruption, August 2023, https://dksk.mk/wp-content/uploads/2023/09/Конече.pdf.
[6] „Систем за следење на предизвикот за отворено владеење" [Open Gov Challenge Tracker], Партнерство за отворена власт, пристапено на 31 декември 2024 година, https://www.opengovpartnership.org/the-open-gov-challenge/challenge-tracker.
[7] Видете „Национален акциски план за Партнерство за отворена власт за 2021 – 2023 година", Министерство за информатичко општество и администрација.
[8] „Анализа на користењето податоци за вистинските сопственици во борбата против корупцијата во Северна Македонија", Центар за граѓански комуникации.
[9] „Извештај за Северна Македонија" ["North Macedonia Report 2024]", Европска комисија, 30 октомври 2024 година, https://enlargement.ec.europa.eu/document/download/5f0c9185-ce46-46fc-bf44-82318ab47e88_en.
[10] „Конкурентноста на Западен Балкан за 2024 година: Северна Македонија" ["Western Balkans Competitiveness Outlook 2024: North Macedonia,"], Организација за економска соработка и развој, 26 јуни 2024 година, https://www.oecd.org/en/publications/western-balkans-competitiveness-outlook-2024-north-macedonia_8207326d-en.html.
[11] Миша Поповиќ (Институт за демократија Societas Civilis), интервју од истражувач на НМИ, 3 март 2022 година.
[12] „Поддршка на ЕУ за владеењето на правото (2024) Генератори на корупција во набавките" ["EU Support for the Rule of Law (2024) Generators of Corruption in Procurement,"] Државна комисија за спречување на корупцијата, октомври 2024 година, https://dksk.mk/wp-content/uploads/2024/10/Generators-of-Corruption-in-Procurement_MK.pdf.
[13] „Procenka na rizicite od korupcija" [Assessment of Corruption Risks], Државна комисија за спречување на корупцијата, септември 2019 година, https://dksk.mk/fileadmin/user_upload/2019/Procenka_na_rizicite_od_korupci__a_02.10.2019_mk.pdf.
[14] „Документ за јавни политики за превенција од корупција во животната средина" [Document on Public Policies for the Prevention of Corruption on the Environment], Smart Balkans, декември 2023 година, https://smartbalkansproject.org/wp-content/uploads/2024/12/Документ-за-јавни-политики-за-превенција-од-корупција-во-животната-средина.pdf.
[15] Гордана Димитриовска (национален координатор за ПОВ, Министерство за информатичко општество и администрација), интервју од истражувач на НМИ, 2 октомври 2024 година.
[16] „База на податоци за добиени концесии за истражување на минерални добра и изградба на мали хидроцентрали" [Database of Concessions for Exploration of Mineral Resources and Construction of Small Hydropower Plants], Transparency International Macedonia, 30 август 2024 година, https://transparency.mk/2024/08/30/ databaza-za-dobieni-koncesii-za-istrazhuvanje-na-mineralni-dobra-i-izgradba-na-mali-hidrocentrali-2.
[17] „Анализа на користењето податоци за вистинските сопственици во борбата против корупцијата во Северна Македонија", Центар за граѓански комуникации.
[18] „Анализа на користењето податоци за вистинските сопственици во борбата против корупцијата во Северна Македонија", Центар за граѓански комуникации.
[19] „Анализа на користењето податоци за вистинските сопственици во борбата против корупцијата во Северна Македонија", Центар за граѓански комуникации.
[20] Tim Davies, "Introducing the Beneficial Ownership Data Standard," Open Ownership, 29 јуни 2017 година, https://www.openownership.org/en/news/introducing-the-beneficial-ownership-data-standard.
[21] Данче Даниловска-Бајдовска (Метаморфозис), интервју од истражувач на НМИ, 24 септември 2024 година.
[22] Ели Чакар (Министерство за локална самоуправа), интервју од истражувач на НМИ, 24 октомври 2024 година.
[23] Чакар, интервју.
[24] „Национален акциски план за Партнерство за отворена власт за 2024 – 2026 година", Министерство за информатичко општество и администрација, февруари 2004 година, https://www.opengovpartnership.org/documents/north-macedonia-action-plan-2024-2026-june.
[25] Даниловска-Бајдевска, интервју.
[26] Чакар, интервју.
[27] Чакар, интервју.

[28]„Национален акциски план за Партнерство за отворена власт за 2024 – 2026 година", Министерство за информатичко општество и администрација.
[29] „Потребите на младите и жените од руралните средини" [Needs of Youth and Women in Rural Environments], Рурална коалиција, септември 2022 година, https://ruralnakoalicija.mk/publikacii.
[30] Чакар, интервју.
[31] Чакар, интервју.
[32] Даниловска-Бајдевска, интервју.
[33] Даниловска-Бајдевска, интервју.
[34] Даниловска-Бајдевска, интервју.
[35] Даниловска-Бајдевска, интервју.
[36] Чакар, интервју.
[37] Чакар, интервју.
[38] Даниловска-Бајдевска, интервју.
[39] Чакар, интервју.
[40] Чакар, интервју.
[41] Марина Станојкова Арсовски (Министерство за финансии), интервју од истражувач на НМИ, 25 октомври 2024 година.
[42] Станојкова Арсовски, интервју.
[43] Станојкова Арсовски, интервју.
[44] Станојкова Арсовски, интервју.
[45] Службен весник на Република Северна Македонија бр. 80/2020.
[46] Службен весник на Република Северна Македонија бр. 30/2009.
[47] Службен весник на Република Северна Македонија бр. 60/2014; Службен весник на Република Северна Македонија бр. 80/2024.
[48] Даниловска-Бајдевска, интервју.
[49] „Процена на системот за национален интегритет за 2024-4" ["National Integrity System Assessment 2023–4,"], Transparency International Macedonia, јануари 2024 година, https://transparency.mk/wp-content/uploads/2024/01/national.integrity.system.assessment.2023-4.pdf.
[50] Станојкова Арсовски, интервју.
[51] Форум за разумна политика, „Izvestaj - Indeks na transparentnost MK" [Transparency Index of Political Parties in North Macedonia], Westminster Foundation for Democracy, декември 2024 година, https://www.wfd.org/sites/default/files/2024-12/Izvestaj%20-%20Indeks%20na%20transparentnost%20MK.pdf.
[52] Станојкова Арсовски, интервју.
[53] "Between Anti-Corruption Reform and Decline," Transparency International, 19 June 2024, https://images.transparencycdn.org/images/2024_NISReport_BetweenAnti-CoruptionReformAndDecline_English.pdf, p. 36.
[54] Даниловска-Бајдевска, интервју.
[55] „Извештај за Северна Македонија за 2024 година" ["North Macedonia Report 2024,"], Европска комисија, стр. 34.
[56] „Дијагностички извештај за ЈПП конечен МК" ["PPP Diagnostic Report Final MK,"], Министерство за економија, пристапено на 4 март 2025 година, https://economy.gov.mk/Upload/Editor_Upload/JPP/fatmire/PPP%20Diagnosti%20report%20final%20MK(1).pdf.
[57] „Записник од средби на работна група, група на ПОВ за борба против корупцијата, 28 мај 2024 година", Совет за ПОВ на Северна Македонија, 28 мај 2024 година, https://ovp.gov.mk/twg_document/белешка.
[58] „Revizorski izvestaj 2024" [Performance Report 2024], Државен завод за ревизија, април 2024 година, https://www.geol.gov.mk/pfiles/Revizorski_izvestaj_2024.pdf.
[59] „Записник од средби на работна група, група на ОВП за борба против корупцијата, 28 мај 2024 година", Совет за ПОВ на Северна Македонија, 28 мај 2024 година.
[60] „Записник од средби на работна група, група на ПОВ за борба против корупцијата, 12 ноември 2024 година", Совет за ПОВ на Северна Македонија, 12 ноември 2024 година, https://ovp.gov.mk/белешка.
[61] Димитровска, интервју.
[62] „Записник од средби на работна група, група на ПОВ за борба против корупцијата, 12 ноември 2024 година", Совет за ПОВ на Северна Македонија.
[63] "Open Contracting Data Standard for Public Private Partnerships," Open Contracting Partnership, пристапено на 4 март 2025 година, https://standard.open-contracting.org/profiles/ppp/latest/en/overview.
[64] „Вклученост на граѓаните во политиката за вработување (MK0153)", ["Citizen Involvement in Employment Policy (MK0153),"] Партнерство за отворена власт, пристапено на 4 март 2025 година, https://www.opengovpartnership.org/members/north-macedonia/commitments/MK0153.

[65] „Огледало на владата: „Јавно учество во законодавните процеси", Центар за ресурси на граѓанското општество, мај 2023 година, https://rcgo.mk/wp-content/uploads/2023/05/ogledalo-na-vladata-2022-final.pdf.
[66] Даниловска-Бајдевска, интервју.
[67] Даниловска-Бајдевска, интервју.
[68] Даниловска-Бајдевска, интервју.
[69] „Развој на работен простор за ко-креирање (EE0058)" ["Developing a Co-Creation Workspace (EE0058),"] Партнерство за отворена власт, пристапено на 4 март 2025 година, https://www.opengovpartnership.org/members/estonia/commitments/EE0058.
[70] „Усвојување алатка за ангажман на заедницата (NZ0024)" ["Adopt a Community Engagement Tool (NZ0024),"] Партнерство за отворена власт, пристапено на 4 март 2025 година, https://www.opengovpartnership.org/members/new-zealand/commitments/nz0024.
[71] Службен весник на Република Северна Македонија бр. 6/2012.
[72] „Правно оспособување преку институциите на отворена правда" ["Legal Empowerment through Open Justice Institutions (MK0164),"], Партнерство за отворена власт, пристапено на 4 март 2025 година, https://www.opengovpartnership.org/members/north-macedonia/commitments/MK0164.
[73] „Нови измени на Законот за бесплатна правна помош усвоени од Собранието на Северна Македонија" ["New amendments to the Law on Free Legal Aid adopted by the Parliament in North Macedonia,"], Совет на Европа, 19 септември 2024 година, https://www.coe.int/en/web/skopje/-/new-amendments-to-the-law-on-free-legal-aid-adopted-by-the-parliament-in-north-macedonia.
[74] Лилјана Цветановска, „Извештај на НМИ за резултатите: Северна Македонија за 2021 – 2023 година", Партнерство за отворена власт, 20 ноември 2024 година, https://www.opengovpartnership.org/documents/north-macedonia-results-report-2021-2023, стр. 16.
[75] „Пристап до правда за жртвите на домашно насилство (MK0163)", ["Access to Justice for Victims of Domestic Violence (MK0163),"] Партнерство за отворена власт, пристапено на 4 март 2025 година, https://www.opengovpartnership.org/members/north-macedonia/commitments/mk0163.
[76]Закон за животна средина: Службен весник на Република Северна Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 187/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015, 192/2015, 39/2016 и 99/2018. Одлуки на Уставниот суд на Република Северна Македонија У. бр. 151/2005 и 233/2005 од 21 јуни 2006 (објавени во Службен весник на Република Северна Македонија бр. 79/2006), У. бр. 154/2005 од 13 септември 2006 (објавено во Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2006), У. бр. 152/2005 од 28 септември 2006 (објавено во Службен весник на Република Северна Македонија бр. 109/2006), У. бр. 146/2009 од 23 декември 2009 (објавено во Службен весник на Република Северна Македонија бр. 1/2010), У. бр. 81/2017 од 31 јануари 2018 (објавено во Службен весник на Република Северна Македонија бр. 28/2018), и У. бр. 76/2017 од 28 март 2018 (објавено во Службен весник на Република Северна Македонија бр. 65/2018).
[77] Огнен Канцаревиќ, „Незаконски и ништовна одлука – експертската јавност со остри реакции по разрешувањето на Дамева", [Illegal and null and void decision – expert public reacts sharply after Dameva's dismissal], Телма, 27 април 2023 година, https://telma.com.mk/2023/04/27/nezakonski-i-nishtovna-odluka-ekspertskata-javnost-so-ostri-reakcii-po-razreshuvanjeto-na-dameva.
[78]Извештај за самооценување на Владата на Северна Македонија за ПОВ, 2024 година, нацрт-документ споделен со истражувачот за НМИ.
[79] Лилјана Цветановска, „Преглед на Акцискиот план од НМИ: „Северна Македонија 2021 – 2023 година", Партнерство за отворена власт, 13 јули 2022 година, https://www.opengovpartnership.org/documents/north-macedonia-action-plan-review-2021-2023.

# Дел III. Методологија и индикатори на независниот механизам за известување

Оваа публикација претставува концизен, независен, технички преглед на карактеристиките на акцискиот план и на силните страни и предизвиците што ги идентификува НМИ, со цел да се дадат информации за поефикасен процес на спроведување. НМИ ги истакнува заложбите кои имаат најголем потенцијал за резултати, претставуваат висок приоритет за засегнатите страни во земјата, се признати како приоритет во националниот контекст на отворена власт, или се комбинација од овие фактори.

Публикациите на НМИ обезбедени во текот на циклусот на националниот акциски план вклучуваат:

- **Краток извештај за ко-креирање:** Концизен документ кој ги истакнува лекциите од претходните извештаи на НМИ за поддршка на процесот на ПОВ во земјата, дизајнот на акцискиот план и целокупното учење.
- **Преглед на акцискиот план:** Технички преглед на карактеристиките на акцискиот план и на силните страни и предизвиците кои НМИ ги идентификува, со цел поефикасен процес на спроведување заснован на информации.
- **Среднорочен преглед на достигнувањата:** Преглед на четиригодишните акциски планови по ажурирање на достигнувањата. Прегледот ги оценува новите или значително изменетите заложби во ажурираниот акциски план, усогласеноста со правилата на ПОВ, и неформално ажурирање на напредокот во спроведувањето.
- **Извештај за резултатите:** Целокупна оценка на спроведувањето што се фокусира на резултатите на ниво на политики и на начинот на кој се случуваат промените. Исто така, ја проверува усогласеноста со правилата на ПОВ и дава информации за одговорноста и долгорочното учење.

Во Прегледот на акцискиот план, НМИ ги оценува заложбите користејќи три индикатори:

**1. Проверливост:** НМИ утврдува дали заложбата, онака како што е напишана во акцискиот план, е проверлива. Индикаторот се оценува како:

- **Да/Не:** Дали наведените цели и предложените активности се доволно јасни и вклучуваат објективно проверливи активности за процена на спроведувањето?
- За заложбите кои не се проверливи се смета дека не можат да се прегледаат, и не се врши понатамошна процена.

**2. Фокус на отворено владеење:** НМИ утврдува дали заложбата е поврзана со вредностите на отворена власт за транспарентност, граѓанско учество и/или јавна одговорност, како што се дефинирани во Декларацијата за отворена власт и Статутите на ПОВ. Врз основа на детално читање на текстот на заложбата, индикаторот се оценува како:

- **Да/Не:** Дали заложбата има за цел да направи одредена политичка област, институција или процес на донесување одлуки попрегледен, партиципативен или одговорен пред јавноста?

Следниве прашања за секоја вредност на ПОВ може да се користат како референца за идентификување на специфичната перспектива на отворена власт во анализата на заложбите:

- **Транспарентност** Дали владата ќе објави повеќе информации, ќе ги подобри правните или институционалните рамки за да го гарантира правото на информации, ќе го подобри квалитетот на објавените информации или ќе ја подобри транспарентноста на владините процеси на донесување одлуки или институции?
  **Граѓанско учество:** Дали владата ќе ги создаде или подобри можностите, процесите или механизмите за јавноста да се информира за, влијае врз или да ко-креира политики, закони и/или одлуки? Дали владата ќе ги создаде, овозможи или подобри партиципативните механизми за малцинствата, маргинализираните лица или недоволно застапените групи? Дали владата ќе ја подобри поткрепувачката средина за граѓанското општество (што може да вклучува закони за НВО, механизми за финансирање, оданочување, барања за известување итн.)? Дали владата ќе ги подобри правните, политичките, институционалните или практичните услови поврзани со граѓанскиот простор, како што се слободата на изразување, здружувањето и мирните собири, што би го олеснило учеството во јавната сфера? Дали владата ќе преземе мерки кои ќе се спротивставуваат на лажните информации и дезинформациите, особено онлајн, за да обезбеди дека луѓето имаат пристап до сигурни и фактички информации (што може да вклучува кампањи за дигитална и медиумска писменост, проверка на факти или поттикнување независен екосистем на медиуми)?
- **Јавна отчетност:** Дали владата ќе создаде или ќе ги подобри можностите за одговорност на функционерите за нивното постапување? Дали владата ќе овозможи правни, политички или институционални рамки за поттикнување на одговорноста на јавните функционери?

**3. Потенцијал за резултати:** НМИ ги анализира очекуваните резултати и потенцијалот кој ќе биде потврден во Извештајот за резултатите на НМИ по спроведувањето. Потенцијалот за резултати е рана индикација за можноста заложбата да даде значајни резултати врз основа на нејзината формулација во акцискиот план во споредба со состојбата во соодветната политичка област. Индикаторот се оценува како:

- **Нејасен:** Заложбата е насочена кон продолжување на постојните практики во согласност со постојните закони, услови или политики, без индикација за додадена вредност или подобрен пристап на отворена власт во споредба со постојната практика.
- **Умерен:** Позитивна, но самостојна иницијатива или промена на процесите, практиките или политиките. Заложбата не генерира обврзувачки или институционализирани промени во владата или институциите кои управуваат со политичката област. Примери за тоа се алатки (на пример, веб-страници) или објавување податоци, обуки или пилот-проекти.
- **Значителен:** Можна промена на практиките, политиките или институциите кои управуваат со политичка област, јавен сектор или односот меѓу граѓаните и државата. Заложбата генерира обврзувачки и институционализирани промени во владата

Овој преглед ја фокусира својата анализа на ветувачките заложби. Ветувачките заложби мора да бидат проверливи, да имаат фокус на отвореното владеење и барем умерен потенцијал за резултати. Исто така, ветувачките заложби може да бидат приоритет за националните засегнати страни или за одреден контекст. НМИ може да групира заложби со заеднички политички цели или цели кои придонесуваат за истата реформа или

политичко прашање. Потенцијалот за резултати на заложбите кои се групирани заедно се прегледува како целина.

Овој преглед го подготви НМИ во соработка со Лилјана Цветаноска како истражувач и Ернесто Веласко Санчез како надворешен експерт-рецензент. Во текот на внатрешниот процес на ревизија на овој продукт, НМИ ја проверува точноста на наодите и собира дополнителни информации преку рецензија од колеги, повратни информации од Единицата за поддршка на ПОВ, интервјуа и проверка со засегнатите страни во земјата, надворешен експертски преглед и надзор од страна на Меѓународниот панел на експерти (МПЕ) на НМИ.[1] Методологијата на НМИ, квалитетот на продуктот и процесот на преглед се надгледувани од МПЕ.[2]

---

[1] „Меѓународен панел на експерти" ["International Experts Panel,"] Партнерство за отворена власт, пристапено на 15 јули 2024 година, https://www.opengovpartnership.org/about/who-we-are/international-experts-panel.
[2] За повеќе информации видете: „Преглед - Независен механизам за известување" ["Overview – Independent Reporting Mechanism,"], Партнерство за отворена власт, пристапено на 15 јули 2024 година https://www.opengovpartnership.org/irm-guidance-overview.

## Анекс 1. Податоци за поединечните заложби[1]

**Заложба 1.1: Транспарентност на владините седници и средби**
- Проверливост: Да
- Дали има јасен фокус на отвореното владеење? Да
- Потенцијал за резултати: Умерен

**Заложба 1.2: Јавно објавување на вистинските сопственици во компаниите**
- Проверливост: Да
- Дали има јасен фокус на отвореното владеење? Да
- Потенцијал за резултати: Значителен

**Заложба 1.3: Јавно објавување на склучените договори за концесии и воспоставување јавно-приватни партнерства**
- Проверливост: Да
- Дали има јасен фокус на отвореното владеење? Да
- Потенцијал за резултати: Умерен

**Заложба 2.1: Учество на јавноста во креирање активни мерки, политики и услуги за вработување**
- Проверливост: Да
- Дали има јасен фокус на отвореното владеење? Да
- Потенцијал за резултати: Умерен

**Заложба 2.2: Задолжителна обука на државните службеници за транспарентност и отчетност**
- Проверливост: Да
- Дали има јасен фокус на отвореното владеење? Да
- Потенцијал за резултати: Умерен

**Заложба 2.3: Подобрување на квалитетот на јавните консултации на национално ниво**
- Проверливост: Да
- Дали има јасен фокус на отвореното владеење? Да
- Потенцијал за резултати: Умерен

**Заложба 2.4: Редовно и континуирано објавување годишни извештаи за еднакви можности за жените и мажите од министерствата и општините**
- Проверливост: Да
- Дали има јасен фокус на отвореното владеење? Да
- Потенцијал за резултати: Умерен

**Заложба 2.5: Утврдување методологија за избор на е-консултации и партиципативно вклучување на граѓаните во процесите на донесување одлуки во општините**

- Проверливост: Да
- Дали има јасен фокус на отвореното владеење? Да
- Потенцијал за резултати: Умерен

**Заложба 2.6: Подготвување план за справување со промените во животната средина кои влијаат на здравјето на граѓаните, со учество на НВО**

- Проверливост: Да
- Дали има јасен фокус на отвореното владеење? Да
- Потенцијал за резултати: Умерен

**Заложба 3.1: Дигитализација и подобрување на системот за бесплатна правна помош**

- Проверливост: Да
- Дали има јасен фокус на отвореното владеење? Да
- Потенцијал за резултати: Умерен

**Заложба 3.2: Спречување на насилството врз жените и домашното насилство**

- Проверливост: Да
- Дали има јасен фокус на отвореното владеење? Да
- Потенцијал за резултати: Умерен

**Заложба 4.1: Дигитализација на процесите за финансиско известување на политичките партии**

- Проверливост: Да
- Дали има јасен фокус на отвореното владеење? Да
- Потенцијал за резултати: Значителен

**Заложба 4.2: Дигитализација на податоците за унапредување на локалните економски политики**

- Проверливост: Да
- Дали има јасен фокус на отвореното владеење? Да
- Потенцијал за резултати: Умерен

**Заложба 5.1: Ефективно учество на јавноста во донесувањето одлуки во областа на Законот за водни ресурси**

- Проверливост: Да
- Дали има јасен фокус на отвореното владеење? Да
- Потенцијал за резултати: Умерен

**Заложба 5.2: Зголемена свесност на граѓаните за активностите на институциите поврзани со климатските промени преку меѓуминистерска соработка**

- Проверливост: Да
- Дали има јасен фокус на отвореното владеење? Да
- Потенцијал за резултати: Умерен

| **Отворено собрание** |
|---|
| **Заложба 1: Регистар на регулаторни тела основани од Собранието** |
| • Проверливост: Да<br>• Дали има јасен фокус на отвореното владеење? Да<br>• Потенцијал за резултати: Умерен |
| |
| **Заложба 2: Информирање на јавноста преку Собранискиот ТВ-канал** |
| • Проверливост: Да<br>• Дали има јасен фокус на отвореното владеење? Да<br>• Потенцијал за резултати: Умерен |
| |
| **Заложба 3: Надзорна дискусија во Собранието за националното спроведување на ПОВ** |
| • Проверливост: Да<br>• Дали има јасен фокус на отвореното владеење? Да<br>• Потенцијал за резултати: Умерен |
| |
| **Заложба 4: Парламентарен караван** |
| • Проверливост: Да<br>• Дали има јасен фокус на отвореното владеење? Да<br>• Потенцијал за резултати: Умерен |
| |
| **Отворено судство** |
| **Заложба 1.1: Подобрување на електронскиот судски портал** |
| • Проверливост: Да<br>• Дали има јасен фокус на отвореното владеење? Да<br>• Потенцијал за резултати: Умерен |
| |
| **Заложба 1.2: Подобрување на односите со јавноста на судовите** |
| • Проверливост: Да<br>• Дали има јасен фокус на отвореното владеење? Да<br>• Потенцијал за резултати: Умерен |
| |
| **Заложба 1.3: Подобрување на квалитетот и достапноста на податоците и информациите за функционирањето на Судскиот совет** |
| • Проверливост: Да<br>• Дали има јасен фокус на отвореното владеење? Да<br>• Потенцијал за резултати: Умерен |
| |
| **Заложба 2.1: Зајакнување на надзорната улога на Судскиот совет во врска со транспарентноста на судовите** |
| • Проверливост: Да<br>• Дали има јасен фокус на отвореното владеење? Да<br>• Потенцијал за резултати: Нејасно |
| |

| **Заложба 2.2: Стандардизирање на структурата на судските извештаи и квалитетот на податоците** |
|---|
| ● Проверливост: Да<br>● Дали има јасен фокус на отвореното владеење? Да<br>● Потенцијал за резултати: Умерен |
| |
| **Заложба 2.3: Подобрување на електронскиот систем за основна и континуирана обука на судиите** |
| ● Проверливост: Да<br>● Дали има јасен фокус на отвореното владеење? Да<br>● Потенцијал за резултати: Умерен |

[1] **Уредничка белешка**: Некои од насловите на заложбите се променети за да бидат пократки. За целосниот текст на заложбите, видете го „Национален акциски план за Партнерство за отворена власт за 2024 – 2026 година", Министерство за информатичко општество и администрација, февруари 2004 година, https://www.opengovpartnership.org/wp-content/uploads/2024/03/North-Macedonia_Action-Plan_2024-2026_MK.pdf

## Анекс 2: Ко-креирање акциски план:

Стандардите за учество и ко-креирање на ПОВ се насоки за поддршка на членките на ПОВ во спроведувањето колаборативни процеси на ПОВ.[1] Стандардите вклучуваат минимални барања кои претставуваат основа за партиципативни и транспарентни процеси на ПОВ. Во Прегледот на акцискиот план, НМИ ја проценува усогласеноста со минималните барања кои се применливи за време на ко-креирањето на акцискиот план.[2] За членките, кои не ги исполнуваат сите минимални барања, се смета дека дејствуваат спротивно на процесот на ПОВ.

Северна Македонија дејствува во согласност со процесот на ПОВ бидејќи ги исполни сите минимални барања применливи за време на подготовката на акцискиот план. НМИ повторно ќе ја оцени усогласеноста на Северна Македонија со процесот на ПОВ за две години. Членките, кои моментално не дејствуваат во согласност со процесот на ПОВ, можат да го поправат својот статус со исполнување на минималните барања релевантни во следниот момент на процена.[3]

**Табела 2. Усогласеност со минималните барања**

| Минимално барање | Исполнето во текот на ко-креирањето? | Исполнето во текот на спроведувањето? |
|---|---|---|
| **1.1 Простор за дијалог**: Мултичинителски форум на Северна Македонија, Советот за ПОВ, беше повторно воспоставен на 17 мај 2024 година за надзор на шестиот акциски план. И понатаму има 16 членови составени од еднаков број претставници од јавниот сектор и граѓанското општество (шест членови од владата, еден од Собранието, еден од Врховниот суд и осум од граѓанското општество). Неговите основни правила се достапни на веб-страницата на ПОВ.[4] За ко-креирањето на шестиот акциски план, советот имаше ново членство. Белешките од средбите покажуваат дека Советот разговараше за акцискиот нацрт-план на шест сесии, помеѓу 20 април 2023 и 23 јануари 2024 година.[5] Од усвојувањето на акцискиот план, Советот одржа уште три сесии во 2024 година,[6] на 17 мај (конститутивна сесија), 5 јуни и 23 декември.[7] Исто така, постоеја работни групи за ко-креирање за секоја од петте приоритетни области, кои продолжуваат да функционираат во фазата на спроведување на акцискиот план.[8] | Да | *Ќе се процени во Извештајот за резултатите* |
| **2.1 Веб-страница на ПОВ:** Сите информации за ПОВ се споделени на страницата [ovp.gov.mk](ovp.gov.mk). Таа го содржи најновиот акциски план, информации за Советот за ПОВ и записници од повеќето негови сесии, информации за работните групи, вести и сите заложби категоризирани по приоритетни области.[9] | Да | *Ќе се процени во Извештајот за резултатите* |
| **2.2 Репозиториум:** Веб-страницата [ovp.gov.mk](ovp.gov.mk) се ажурира најмалку двапати годишно. Редовно се споделуваат белешки од средбите на Советот за ПОВ, членството, контактите, како и информации за работните групи и вести. За време на | Да | *Ќе се процени во Извештајот за резултатите* |

| | | |
|---|---|---|
| спроведувањето, ќе биде важно постојано да се ажурира напредокот на заложбите на страницата за следење на акцискиот план.[10] Во моментот на пишувањето на овој документ, напредокот на заложбите ретко се ажурираше во репозиториумот. Меѓутоа, некои работни групи започнаа добра практика на објавување на плановите за спроведување и додаваат записници од состаноците.[11] | | |
| **3.1 Предвремено известување:** Министерството за јавна администрација (МЈА) објави временска рамка за ко-креирање на ovp.gov.mk две недели пред да започне процесот.[12] Беше објавен јавен повик за пријавување за учество во процесот на ко-креирање од 1 до 14 јуни 2023[13] година, заедно со образец за пријавување.[14] | Да | Не е применливо |
| **3.2 Достапност:** Имаше неколку активности за достапност и можности за учество во процесот на ко-креирање. На пример, пред настанот за започнување на процесот, беше објавен јавен повик за учество и пријавување. Потоа беа формирани работни групи додека се споделуваа едукативни материјали за процесот на ПОВ со започнувањето на консултативните средби.[15] | Да | Не е применливо |
| **3.3 Механизам на повратни информации:** Постоеше механизам за собирање мислења од широк спектар засегнати страни преку веб-страницата на ПОВ.[16] На почетокот на процесот на ко-креирање, Советот за ПОВ отвори повик за вклучување на заинтересираните страни да учествуваат во процесот на ПОВ. МЈА ги праша институциите за нивното искуство од процесот, а оние кои изразија интерес беа вклучени во фазата на ко-креирање за подготовка на заложбите. Советот за ПОВ ги избра приоритетните области со одлука, при што беше присутен модератор од граѓанскиот сектор. Советот ги разгледа предлозите за заложби од граѓанското општество врз основа на одредени критериуми и систем на оценување, по што одлучи кои заложби ќе бидат вклучени во акцискиот план. Според засегнатите страни, оваа можност беше достапна во соодветно долг временски период.[17] | Да | Не е применливо |
| **4.1 Образложен одговор:** Според повеќе интервјуирани лица, придонесите од засегнатите страни беа документирани,[18] а Советот за ПОВ и МЈА дадоа писмени или усни повратни информации за нивните предлози, заедно со дискусиите во работните групи.[19] | Да | Не е применливо |
| **5.1 Отворено спроведување:** НМИ ќе оцени дали се одржаа средби со засегнатите страни од граѓанското општество за презентирање на резултатите од спроведувањето и овозможување на граѓанското општество да даде коментари во Извештајот за резултатите. | Не е применливо | *Ќе се процени во Извештајот за резултатите* |

Пример за добра практика е трансформацијата на работните групи за ко-креирање во групи за спроведување. Организациите на граѓанското општество кои учествуваа во групите подготвија доброволни работни планови со јасна поделба на задачите и одговорностите.[20] На пример, работната група за финансирање на политичките партии направи работен план и се сретна со новиот министер за финансии за да го запознаат со

процесот и да обезбедат поддршка. Планирана е уште една средба со министерот за правда за олеснување на потенцијалните законодавни предлози кои може да бидат потребни за време на спроведувањето.[21] Честите промени на персоналот во јавните институции остануваат еден од најголемите предизвици за време на ко-креирањето, како и подоцна во фазата на спроведување.[22]

---

[1] „Учество во ПОВ и стандарди за ко-креирање" ["OGP Participation and Co-Creation Standards,"], Партнерство за отворена власт, 24 ноември 2021 година, www.opengovpartnership.org/ogp-participation-co-creation-standards.
[2] „Насоки на НМИ за процена на минималните барања" ["IRM Guidelines for the Assessment of Minimum Requirements,"], Партнерство за отворена власт, 31 мај 2022 година, www.opengovpartnership.org/documents/irm-guidelines-for-the-assessment-of-minimum-requirements.
[3] **Уредничка белешка**: НМИ ќе ја процени усогласеноста со минималните барања применливи на спроведувањето и ќе даде сеопфатна анализа на практиките на учество и ко-креирање во текот на циклусот на акцискиот план во Извештајот за резултатите. Видете: „Национален прирачник за ПОВ - правила и насоки за учесниците (2024 година)" ["OGP National Handbook – Rules and Guidance for Participants (2024),"], Партнерство за отворена власт, 11 април 2024 година, www.opengovpartnership.org/documents/ogp-national-handbook-rules-and-guidance-for-participants-2024.
[4] „Сесии на Советот за Партнерство за отворена власт" ["Sessions of the Council for Open Government Partnership,"], Влада на Северна Македонија.
[5] Видете: https://ovp.gov.mk.
[6] Гордана Димитриовска (национален координатор за ПОВ, Министерство за информатичко општество и администрација), интервју од истражувач на НМИ, 2 октомври 2024 година.
[7] „Сесии на Советот за Партнерство за отворена власт" ["Sessions of the Council for Open Government Partnership,"], Влада на Северна Македонија, пристапено на 31 декември 2024 година, https://ovp.gov.mk/совет-за-овп/седници.
[8] Димитровска, интервју.
[9] „Портал на Партнерство за отворена власт" ["Open Government Partnership Portal,"], Влада на Северна Македонија, пристапено на 31 декември 2024 година, https://ovp.gov.mk.
[10] „Портал на Партнерство за отворена власт - следење на НАП" ["Open Government Partnership Portal – NAP monitoring,"], Влада на Северна Македонија, пристапено на 31 декември 2024 година, https://ovp.gov.mk/%d1%81%d0%bb%d0%b5%d0%b4%d0%b5%d1%9a%d0%b5-%d0%bd%d0%b0-%d0%bd%d0%b0%d0%bf.
[11] Димитровска, интервју.
[12] Димитриовска, интервју; Данче Даниловска-Бајдовска (Метаморфозис), интервју од истражувач на НМИ, 24 септември 2024 година.
[13] „Јавен повик за пријавување учество во процесот на ко-креирање на Акциски план за Партнерство за отворена власт 2024-2026 година" [Public call for applications for participation in the process of co-creating the Open Government Partnership Action Plan 2024-2026], Министерство за информатичко општество и администрација, 1 јуни 2023 година, https://www.mioa.gov.mk/mk-MK/news/javen-povik-za-prijavuvane-ucestvo-vo-procesot-na-ko-kreirane-na-akciski-plan-za-partnerstvo-za-otvorena-vlast-2024-2026-godina.nspx.
[14] Видете: https://docs.google.com/forms/d/e/1FAIpQLScQk7j2fpy4SAFjHejrgFRdhcDTFX_y3SOYknkxBIkIK6WA1Q.
[15] „Национален акциски план за Партнерство за отворена власт за 2024 – 2026 година", Министерство за информатичко општество и администрација, февруари 2004 година, https://www.opengovpartnership.org/documents/north-macedonia-action-plan-2024-2026-june.
[16] „Портал на Партнерство за отворена власт" ["Open Government Partnership Portal,"], Влада на Северна Македонија.
[17] Даниловска-Бајдевска, интервју.
[18] Димитровска, интервју; Даниловска-Бајдевска, интервју.
[19] Димитровска, интервју.
[20] Димитровска, интервју.
[21] Димитровска, интервју.
[22] Марина Станојкова Арсовски (Министерство за финансии), интервју од истражувач на НМИ, 25 октомври 2024 година.